РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2129/49
17-01-2022
(2019)

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 08-2129/1 од 29.03.2019 година за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ___________________, поранешен член и претседател на ____________ на Република Северна Македонија СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-2129/1 од 29.03.2019 година.

Предметот со број 08-2129/1 од 29.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот број 08-2129/1 од 29.03.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а по донесен заклучок на ДКСК на седницата одржана на ден 27.03.2019 година да се изврши проверка на податоците за имотната состојба на ______________, поранешен член и претседател на ______________ на Република Северна Македонија, а врз основа на Извештајот на Стејт Департментот за состојбата со човековите права во Република Северна Македонија во кој е нотирана спрега на именуваната со високи функционери на извршната власт со цел избор на политички „подобни" судии.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ____________ и за имотот на нејзиниот сопруг ___________________од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија како и од банките и штедилниците во Република Северна Македонија.

ДКСК, исто така, со допис број 08-2129/47 од 04.12.2020 година, побара од Управата за финансиска полиција, во рамките на нејзините законски надлежности, да изврши проверка на лицето ________________ и на членовите на нејзиното семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Управата за финансиска полиција со допис број 11-766/2 од 19.03.2021 година, ја извести ДКСК дека од страна на Управата, за лицето ________________ и за членовите на нејзиното потесно семејство _______________ – сопруг, ______________ –син и ____________________ – ќерка, се обезбедени податоци од релевантните институции заради утврдување на фактичката состојба и евентуално утврдување на основи на сомнение за сторено кривично дело од надлежност на Управата за финансиска полиција, при што е утврдено дека наведеното лице во периодот на вршење на функцијата член на Судскиот совет на Република Северна Македонија не се стекнало со несразмерно зголемен имот и од извршениот увид во целокупната обезбедена документација не се констатирани основи на сомнение за сторено кривично дело од надлежност на Управата за финансиска полиција.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од наведените институции како и по разгледување на известувањето од Управата за финансиска полиција, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: С.П.Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk